## Политика на квалитет на Општина Кавадарци

НАША ВИЗИЈА: Општина Кавадарци да биде општина со висок квалитет на живот за своите граѓани, со стабилна и напредувачка економија, современа инфраструктура, богата културно-спортска понуда, високо квалитетни здравствени услуги, и среќни и безбедни грашани.

НАШАТА МИСИЈА: Администрацијта на општина Кавадарци да обезбедува високо квалитетни, навремени, ефикасни и ефективни усуги на сите свои граѓани во рамките на законските надлежности преку транспарентно и отчетно работење.

Политиката за квалитет е составен дел од Политиката на Градоначалникот и општинаксат администрација и ги дефинира следните принципи:

- Почитување на законот и негово исполнување за потребите на граѓаните
- Потребите на граѓаните се основен дел врз кои се базира градењето на процесите, процедурите и системите во кои се вршат услуги.
- Услугите се квалитетни, ефикасни и достапни преку користење на современи начини за брза комуникација и квалитет.
- Вработените се одговорни, професионални, љубезни и услужливи без разлика на надворешни и внатрешни околности.
- Соработката со други институции, установи и организации е дел од професионалноста на општинската администрација.
- Општинаската администрација работи со цел за тоа како да се постигне визијата на општината преку планирање, превентива, подобрување и иновација на своите услуги и законски обврски
- Важна определба на општинската администрација е да изгради трајни партнерски односи со сите заинтересирани страни
- Одржлив локален еконсмски развој на општина Кавадарци преку принципите прифатени на глобално ниво
- Мотивација на вработените преку спроведување на оваа политика и преиспитување на и од страна на раководството на системот за квалитет со цел долгорошно и успешно реализирање на задачите на општинската администрација.

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**М-р Митко Јанчев**

Арх.Бр.____________

Дата:______________
Кавадарци

Република Македонија
Општина Кавадарци

Плоштад Маршал Тито б.б.
1430 Кавадарци,
Република Македонија
Тел. 043/ 416-130 Факс 043/416-130
e-mail: opshtina@kavadarci.gov.mk